**20192253516**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 31 октомври 2019 година.

Бр. 08-5794/1
31 октомври 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Член 1

Во Законот за акцизите* („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 108/19 и 143/19) во членот 64 став (2) по зборовите: „чистиот алкохол“ се додаваат зборовите: „за меѓупроизводите“.

Член 2

Во член 88 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) По исклучок од став (4) на овој член, рачно произведените пури може да се продаваат како единечен производ само доколку се продаваат непосредно од оригиналното пакување кое содржи повеќе од една пура и истото е обележано со акцизна марка која мора да биде прекината при отворањето, така што серискиот број на акцизната марка треба да остане видлив.“.

Ставот (5) станува став (6).

Член 3

Во членот 118 став (1) точка 13) зборовите: „член 88 став (5)“ се заменуваат со зборовите: „член 88 став (6)“.

Член 4

Во членот 122 насловот се менува и гласи:

„Регистрирање и пререгистрирање на акцизни обврзници“.

Во ставот (1) по зборовите: „од овој закон“ се додаваат зборовите: „и да достават барање за пререгистрација“.

Ставот (2) се брише.

Во ставот (3) кој станува став (2) зборовите: „став (2)“ се заменуваат со зборовите: „став (1)“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) При пререгистрација на акцизните обврзници, усогласувањето на постоечките мерни уреди кај имателите на акцизни дозволи, пропишани во членот 62 став (2), членот 64 став (2) и членот 65 став (3) од овој закон, ќе се врши во рок од една година сметано од 1 јануари 2020 година.“.

Член 5

(1) Започнатите постапки за поднесени барања за планирање и подигање на акцизните марки до отпочнување на примената на овој закон ќе се завршат согласно Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија“ број 32/2001, 50/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/10, 24/11, 55/11, 135/11, 82/13, 43/14, 167/14, 188/14, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16, 171/17 и 120/18).

(2) Акцизните обврзници кои до денот на отпочнување на примената на овој закон поднеле барање за планирање и подигање на акцизни марки согласно со Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија“ број 32/2001, 50/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/10, 24/11, 55/11, 135/11, 82/13, 43/14, 167/14, 188/14, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16, 171/17 и 120/18), акцизните марки можат да ги подигнат најдоцна до 31 март 2020 година.

Член 6

Производителот или увозник на тутун за водено луле (тутун за наргиле), тутун за џвакање, тутун за шмркање и несогорлив тутунски производ како и течноста за полнење на електронска цигара, независно дали содржи или не содржи никотин, месечните потреби за планирани количини од акцизни марки за месец јануари 2020 година ги пријавува до надлежниот царински орган од 1 декември до 10 декември 2019 година, согласно со овој закон.

Член 7

Економските оператори кои во големопродажни или во малопродажни објекти заклучно со 31 декември 2019 година имаат затечена залиха на непродадени количини на течност за полнење на електронски цигари согласно извршен попис можат да бидат во слободен промет необележани со акцизни марки до 31 март 2020 година.

Член 8

Одредбата од членот 87 став (22) од Законот за акцизите* („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 108/19 и 143/19) ќе отпочне да се применува од 1 декември 2019 година.

Член 9

Одредбата од членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19) ќе се применува од 1 јануари 2020 година.

Член 10

Во членовите 2 и 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19) датата „1 ноември 2019 година“ се заменува со датата „1 јануари 2020 година“.

Член 11

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.